РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија
Këshilli i Prokurorëve Publik i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-1241/1
15.10 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Согласно член 12 ст.2 од Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.150/07, 100/11 и 42/2020), Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15.10.2020 година, го донесе следниот

## ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општи одредби....................2
Начин на работа на Советот....................3
Разрешување на член на Советот....................9
Именување и разрешување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија. 10
Изборен именик....................11
Избор, распоредување и разрешување на јавните обвинители....................11
Оддалечување и престанок на функцијата....................16
Претставки од јавноста....................16
Оценување на јавните обвинители....................16
Службена легитимација....................17
Средства за работа....................17
Извештај за работа....................18
Стручна служба....................18
Донесување и изменување....................19
Завршни одредби....................19

## I. Општи одредби

Предмет на Деловникот

Член 1

(1) Со овој Деловник се уредуваат прашањата на постапката и начинот на работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) како и други прашања од надлежноста на Советот.

(2) Со дополнителни подзаконски акти на Советот се регулираат:

- Внатрешната организација и систематизација на работните места, согласно чл. 53 Закон за СЈО,
- начинот на надзор на законското и навремено извршување на функциите на јавното обвинителство, засновано на чл. 28 (4)) Закон за ЈО,
- формата и содржината на образецот на легитимацијата, начинот на нејзиното издавање и одземање., засновано на чл. 78 (2) Закон за ЈО,
- постапките за утврдување на одговорност, засновани на чл. 94 (6) Закон за ЈО, донесен по предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.
- Етичкиот кодекс на јавните обинители,
- начинот на спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвининтел.

Мисија и седиште на Советот

Член 2

(1) Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.Советот ќе ја зголемува и одржува довербата на јавноста во работата на Советот и во обвинителскиот систем.

(2) Седиштето на Советот е во Скопје. Советот може да одлучи да ги одржува седниците и да ги извршува активностите и на друго место освен во неговото седиште.

(3) Натписот „Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија“ е поставен на седиштето на Советотна македонски,на друг јазик согласно Законот за употреба на јазиците и на англиски јазик со иста форма и големина, а ги содржи и грбот и знамето на Република Северна Македонија.

Печат и штембил на Советот

Член 3

(1) Советот има свој печат, штембил и приемен штембил.

(2) Печатот има облик на круг со пречник од 40 мм, кој го содржи грбот на Република Северна

Македонија, а околу него е напишано: Република Северна Македонија - Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија -Скопје.

(3) Штембилот има правоаголен облик со димензии 65x40 мм на кој се наоѓа грбот на Република Северна Македонија и натпис: Република Северна Македонија - „Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, број, датум - Скопје".

(4) Печатот и штембилот се ставаат на одлуките, решенијата и другите акти што ги донесува Советот.

(5) Приемниот штембил има правоаголен облик со димензии 65x40 мм, над кој се наоѓа натпис „ Република Северна Македонија - Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија - Скопје", а во средината во определените графи се наоѓаат зборовите „ примено",„организациона единица" и „број".Приемниот штембил се става на сите поднесоци што се доставуваат до Советот.

(6) Со печатот, штембилот и приемниот штембил ракува секретарот и вработен во Советот кој е назначен од секретарот на Советот, и двајцата сеодговорни за нивнатаупотреба.

## Мандат на членовите на Советот

### Член 4

(1) Мандатот на членовите на Советот избрани од страна на јавните обвинители трае четири години со право на уште еден избор по истекот на најмалку четири години од престанокот на претходниот мандат во Советот.

(2) Мандатот на членовите на Советот избрани од Собранието трае четири години со право на уште еден избор.

(3) Мандатот на член на Советот кој е избран на дополнителни избори, поради предвремен престанок на мандатот за член на Советот на чие место е избран, трае четири години.

(4) На избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители, додека им трае мандатот во Советот, им мирува функцијата јавен обвинител.

(5) На член на Советот по функција, со престанок на функцијата му престанува и мандатот во Советот.

(6) Член на Советот за време на траењето на мандатот не може да биде избран за јавен обвинител во јавно обвинителство или за јавен обвинител на јавно обвинителство.

(7) Мандатот на членовите на Советот избрани од страна на јавните обвинители влегува во позитивно оценет јавнообвинителски стаж освен во случаи предвидени во чл 35-а,од Законот за советот на јавните обвинители.

## Иземање на член на Советот

### Член 5

(1) Член на Советот не учествува во работата на Советот во постапки во кои се одлучува за јавен обвинител или кандидат за јавен обвинител со кој е во:

- брачна или вонбрачна заедница;
- роднинска врска по права линија до кој било степен, а во странична до четврт степен;

- роднинска врска по сватовство до втор степен;
- однос на посвоеник или посвоител или лице со кое живее во иста семејна заедница.

(2) Член на Совет избран од редот на јавните обвинители не учествува во работата на Советот кога е поведена постапка за утврдување на негова одговорност како јавен обвинител или како член на Советот.

(3) Член на Советот е должен веднаш да престане со својата работа во постапките од надлежност на Советот во моментот на осознавање за постоење на причините од ставот (1) на овој член и за тоа да го извести Советот.

(4) Член на Советот, освен во случаите предвидени во ставот (1) на овој член, доколку во вршењето на својата функција дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во неговата непристрасност, е должен веднаш за тоа да го извести Советот, кој ќе донесе соодветна одлука.

(5) Ако членот на Советот не постапи согласно со ставот (3) на овој член, тогаш за него може да биде поведена дисциплинска постапка.

(6) Овие правила се применуваат и за претседателот, заменик претседател, секретарот и персоналот за извршување на нивните задачи соодветно.

## II. Начин на работа на Советот

Претседател и заменик

Член 6

(1) Советот има претседател кој го претставува и раководи со Советот.

(2) Претседателот на Советот се избира од членовите на Советот, од редот на избраните јавни обвинители, со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање.

(3) Мандатот на претседателот на Советот трае две години, без право на повторен избор.

(4) Советот, по предлог на претседателот на Советот, на истата седница на која се избира претседател, избира и заменик кој го заменува во негово отсуство.

(5) Мандатот на заменик-претседателот е две години, без право на повторен избор.

(6) За претседател и заменик претседател на Советот не може да биде избран јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Избор на претседател и заменик претседател

Член 7

(1) Кандидат за претседател на Советот може да предложи секој член на Советот.

(2) Постапката ја спроведува трочлена комисија која ја избираат членовите на Советот од своите редови.Тајното гласање се спроведува според правилата што важат за тајно гласање на избори за парламент. Отворањето на гласачката кутија и броењето на гласовите се врши јавно. Комисијата одлучува за валидноста на гласањето со образложена одлука и известува за резултатот.

(3) Ако има повеќе од два кандидати и доколку ниту еден не го добие потребното мнозинство на гласови, се спроведува и втор круг на гласање. Во вториот круг на гласање одат двајцата

кандидати со најмногу добиени гласови во првиот круг на гласање. Ако повеќе од два кандидати добиле ист број на гласови, сите ќе учествуваат.

(4) Ако никој од кандидатите ниту во вториот круг на гласање не го добие потребното мнозинство, постапката за избор се повторува во третиот круг. Доколку во претходниот круг учествувале повеќе од двајца кандидати, најмладите на возраст се елиминирани за третиот круг на гласање.

(5) Ако во третиот круг на гласање ниту еден кандидат не освои мнозинство, одлуката за избор ја врши највозрасниот член на Советот, кој не е кандидат, со ждрепка за кандидатите кои учествуваат во третиот круг. Доколку ниту еден кандидат не освои мнозинство, избирачкиот процес почнува од почеток.

(6) Овие правила соодветно се применуваат и за избор на претседателот, заменик претседател и секретарот.

Надлежности на претседателот на Советот

Член 8

Претседателот на Советот е надлежен да:

- го претставува Советот ;
- претседава со седниците и учествува во работата и одлучувањето на Советот;
- ги потпишува одлуките, решенијата и другите акти на Советот;
- се грижи за спроведување на деловникот на Советот;
- изготвува предлог за распоред на работа на членовите на Советот и го доставува на усвојување на седница;
- непосредно ја известува јавноста и медиумите за прашањата од надлежност на Советот илиопределува лице од редот на стручната служба за таа цел,за да обезбеди транспарентност и доверба од јавноста во работењето на Советот;
- врши други работи определени со закон и со овој деловник.

Надлежност на членовите

Член 9

Членот на Советот е надлежен да:

- учествува во работата, работните групи и во одлучувањето по прашањата што се на дневен ред на седницата на советот;
- врши увид во работата на јавните обвинители и превзема други дејствија кога за тоа ќе биде назначен од Советот, врши посети на Јавните обвинителства и за тоа до Советот поднесува извештај;
- дава иницијативи, предлози и мислења за прашања од делокругот на работата на Советот; и
- врши други работи определени со овој деловник и други акти на советот.

Надлежност на Советот

Член 10

(1) За прашањата од својата надлежност Советот ќе одлучува согласно со уставот и законот.

(2) Советот е надлежен да:

- дава мислење на Владата на Република Северна Македонија по предлогот за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија,
- ги избира и разрешува јавните обвинители,
- утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители,
- одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител,
- ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа согласно со Законот за јавното обвинителство, преку своите членови кои вршат посети на Јавнте обвинителства,
- одлучува по приговор на јавен обвинител поднесен против одлуката за оценката на работата на јавниот обвинител.
- одлучува во жалбена постапка по одлуката за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител,
- постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители,
- одлучува по поднесено барање за дисциплинска одговорност на член на Советот,
- донесува одлука за член на Советот да може да врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители,
- донесува Етички кодекс за јавни обвинители по предлог на Здружението на јавните обвинители,
- донесува Правилник за начинот на спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител, по предлог на Јавниот Обвинител на РСМ,
- Донесува Правилници за определување на висината на примањата – додатоци на плата и надоместоци во Советот на јавните обвинители
- го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства со одлука,
- до крајот на февруари во тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години и одлуката да ја доставува до Академијата за обука на судии и обвинители,
- ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства,
- донесува решение за мирување на функцијата јавен обвинител,
- издава и одзема службени легитимации на јавните обвинители,
- води персонален лист за јавните обвинители,
- поднесува извештај за својата работа,
- дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот,
- дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,

- објавува оглас и спроведува постапка за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство,
- одлучува по жалба на решение за времено упатување донесено од Јавниот обвинител на РСМ за времено упатување на јавен обвинител во друго јавно обвинителство,
- подготвува документи за стратешко планирање и буџетско барање,
- изготвува општи информации за јавноста за работата на Советот,
- овозможува постојан развој на Веб страницата и
- врши и други работи утврдени со закон.

Примена на јазици и писма

Член 11

Советот на јавните обвинители во вршење на своите функции, работи и одлучува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, согласно Законот за употребата на македонскиот јазик и на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и нивното писмо, согласно Законот за употреба на јазиците.

Подготовка за донесување одлуки

Член 12

(1) Членовите на Советот се избираат како координатори за секое од четирите подрачја на Вишите јавни обвинителства, кои ќе ја координираат работата на истите. Најмалку еден координатор за секој регион е од избраните јавни обвинители.
(2) Координаторите го известуваат Советот за годишните извештаи за работа, како и за работата на кандидатите при избор и разрешување, постапување по претставки и поплаки и за сите прашања кои се на дневен ред а, се однесуваат на соодветните Виши и основни јавни обвинителства чија работа се задолжени да ја следат.
(3) Со одлука на Советот, Советот може да формира една или повеќе работни групи кои ќе работат на определени работни задачи. Со одлуката за формирање на работна група се утврдуваат нејзините членови, работната задача на која ќе работи и роковите за реализирање на задачата односно мандатот на работната група.

Работа на седници

Член 13

(1) Работите од својата надлежност Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница.
(2) Претседателот на Советот ги свикува седниците и со нив раководи.Освен членовите, на седницата исто така е присутен и секретарот на Советот. Со одлука на Советот на седницата можат да присуствуваат и други лица.
(3) Советот доколку има потреба ќе одржува седница барем двапати месечно, секој прва и трета среда од месецот и во други прилики, кога е тоа потребно. Претседателот е должен да свика седница и по предлог на најмалку четири члена на Советот.

(4) Предлогот за закажување на седницата ги содржи прашањата за кои се бара да се дискутира на седницата. Предлогот може да се изврши со потпишан документ во писмена форма или по електронски пат, од службената е-маил адреса на членовите до официјалната е-маил адреса на претседателот.

(5) Поканата за седницата со предлог на дневниот ред и сите релевантни материјали, по правило, се доставува до членовите на Советот писмено или по електронски пат (емаил) најмалку 3 дена пред седницата. Датумот, времето и местото на седницата и агендата се објавуваат истовремено со поканата на веб-страницата на Советот. По исклучок, седницата може да биде закажана и одржана во пократок временски период од оној што е наведен погоре, доколку итноста на прашањето бара итно дејствување или ако сите членови на Советот се согласуваат или поради некои други разумни причини.

## Распоред на седење и јавност

## Член 14

(1) На Седниците на Советот членовите на Советот седат по следниот редослед:

Претседателот на Советот седи на централното место на масата, од десната страна седи неговиот заменик, а потоа Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Од десната страна до Јавниот Обвинител на Република Северна Македонија седат членовите на Советот избрани од редот на јавните обвинители и тоа по рангот на обвинителството од кое се избрани. Ако повеќе обвинители се од обвинителство кое е од ист ранг, предност има повозрасниот член на Советот. Од левата страна седат по редослед по кој се избрани членовите на Советот што ги избрало Собранието на Република Северна Македонија.Претседателот одлучува, каде ќе седат поканетите учесници, одлуката може да отстапи од овој распоред.

(2) Седниците на Советот се јавни.

(3) Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител. Советот може да одлучи да ја исклучи јавноста од седниците со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

(4) Во случај Советот да одлучи да ја исклучи јавноста од седницата, Претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста, а во случај Советот да донесе одлука со гласање на истата седница, гласањето за одлуката е јавно.

(5) Кога Советот одлучува за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство или за избор на јавен обвинител во јавно обвинителство, јавноста не може да биде исклучена во никој случај.

(6) Доколку седницата ,се одлага ,причините за одлагање на седницата мора да бидат образложени

(7) Седницата се снима аудио или аудио-визуелно.

Гласање

Член 15

(1) Седница може да се одржи ако е присутно мнозинството од вкупниот број членови.По барање на членот, Претседателот му дозволува на членот да учествува електронски во оправдани околности, кои го спречуваат членот да биде присутен лично, но дозволува да ги процени документите, да ги следи постапките и да одлучува самостојно.
(2) Советот одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, освен ако не е поинаку утврдено со закон.
(3) Членовите на Советот редоследно гласаат според азбучниот ред на нивните презимиња.
(4) Гласањето се врши со кревање рака или преку усно искажување на мислењето. Тајното гласање не се применува, освен ако не е согласно со закон.
(5) По гласањето, Советот донесува одлуки, решенија и заклучоци

Записник

Член 16

(1) За работата на седницата на Советот се води записник. Записникот го води секретарот на Советот. Во случај на отсутност или спреченост на секретарот, записникот го води лице што ќе го определи Советот.
(2) Записникот содржи: време, датум и место на одржување на седницата, присутни членови на Советот, дневен ред, изјаснување на членовите по дневниот ред, донесени одлуки, дискусии, решенија и заклучоци како и издвоеномислење на член на Советот, доколку е дадено такво мислење на седницата.
(3) Донесените одлуки, решенија и заклучоци се изготвуваат во писмена форма најдоцна до 3-дена по завршувањето на Седницата.
(4) Примерок од записникот се доставува до членовите на Советот по електронски пат (емаил) и во писмена форма, кои можат да дадат забелешки за записникот на седница на Советот на која истиот ќе се разгледува.
(5) Советот го разгледува и усвојува записникот на седницата која следи по онаа за која истиот се однесува.
(6) Усвоениот записник го потпишуваат претседателот на советот и секретарот.
(7) Одлуките на Советот мора да бидат образложени и истите се објавуваат на веб-страницата на Советот. Усвоениот записник се објавува на веб-страницата, но личните или доверливите информации ќе бидат недостапни за јавноста.
(8) Материјалот од аудио-видео записот на јавните седници се чува во траење од шест месеци по усвојувањето на записникот.

## III. Разрешување на член на Советот

Член 17

Членовите на Советот се разрешуваат од функција член на Советот на начин и постапка како што е утврдено во чл. 35-а,б,в,г,д,и ѓ од Законот за Советот на јавните обвинители.

## IV. Именување и разрешување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија

Мислење за избор на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија

Член 18

(1) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на барање на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, до Владата на Република Северна Македонија доставува образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма за сите пријавени кандидати на огласот што ги исполнуваат условите согласно со закон.

(2) По доставениот список на пријавени кандидати по азбучен ред, Советот отвора јавна расправа за секој кандидат поединечно.Потоа со јавно гласање, за секој кандидат поединечно, Советот се изјаснува какво мислење ќе даде.

(3) Позитивно мислење ќе биде дадено за кандидатот за кој мнозинство од вкупниот број на членови на Советот се изјасниле за тоа.

(4) Пред да отпочне постапката за давање на мислење, Советот може да ги повика пријавените кандидати и да обави интервју со нив.

Мислење за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија

Член 19

(1) По предлогот на Владата на Република Северна Македонија за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот, Советот доставува до Владата образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

(2) По предлогот на Владата се отвора расправа.

(3) На расправата не учествуваат јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(4) Предлогот за разрешување ќе се смета дека е прифатен, доколку за него со јавно гласање, се изјасниле мнозинството од вкупниот број на членови на Советот.

Времено именување

Член 20

(1) Ако на јавниот обвинител на Република Северна Македонија му престанала функцијата или е разрешен, Советот со одлука ќе определи јавен обвинител од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кој ќе ја врши функцијата до именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија.

(2) Оваа одлука се донесува со јавно гласање, доколку за неа гласаат мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

## V. Изборен именик на јавните обвинители

Член 21

(1) Изборниот именик на јавните обвинители го води Советот, согласно чл 20 од Законот за Советот на јавните обвинители.

## VI. Избор, распоредување и разрешување на јавните обвинители

Објавување на оглас

Член 22

Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител, веднаш по испразнувањето или по утврдена потреба за место за јавен обвинител во согласност со одредбите од законот.

Избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство

Член 23

(1) Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство кој ги исполнува законските услови и кој се пријавил за огласот, според постигнатиот успех на листата на кандидати доставен од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, по година на завршувањето на обуката.
(2) Доколку кандидатот не се пријавил на три последователни огласи за избор на јавен обвинител и го изгуби утврдениот приоритет на списокот на кандидати на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Советот го известува кандидатот за последиците.

Избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

Член 24

(1) Советот избира јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од кандидатите кои се јавиле на огласот и ги исполнуваат условите и критериумите наведени во чл 61 и 62 Законот за јавното обвинителство.
(2) Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија ќе избере лице со потврдени резултати во работата, способност за работење во сложени предмети, организациони способности за вршење на работата, кое има стручни и професионални

квалитети и кое ужива углед во вршењето на функцијата, врз основа на следниве критериуми:

- стручното знаење, при што се земаат предвид специјалистичките, постдипломските студии и учеството во континуираната обука;
- односот кон работата и навременост во извршувањето на работата како јавен обвинител;
- способноста за стручно разрешување на правните прашања;
- преземањето дополнителна работа при вршење на функцијата на јавен обвинител преку учество во изготвување на прописи, менторство, едукација и слично;
- уживањето и чувањето на угледот на јавниот обвинител и јавното обвинителство, што се утврдува од начинот на комуникација со странките и другите органи, самостојноста, непристрасноста и доверливоста во извршувањето на функцијата на јавен обвинител и надвор од неа.

(3) При изборот на јавен обвинител не смее да се врши дискриминација во однос раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

(4) При изборот на јавен обвинител, без да се нарушат критериумите утврдени со закон, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(5) За јавен обвинител не може да биде избрано лице кое со јавен обвинител од тоа обвинителство е во сродство во права линија или во странична линија до четврти степен или е негов брачен другар, како и до втор степен по сватовска линија.

(6) Кога Советот избира јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, основен јавен обвинител или јавен обвинител во основно јавно обвинителство основано за подрачје на два или повеќе суда од кои барем еден суд е со седиште на подрачјето на единиците на локалната самоуправа во кои покрај македонскиот јазик друг службен јазик е јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои живеат на подрачјето на тие единици на локалната самоуправа и виш јавен обвинител или јавни обвинители во тоа обвинителство кое се наоѓа на подрачјето на единицата на локалната самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, одлучува согласно со членот 39 од Законот за Совет на јавните обвинители, при што да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

## Раководни места

### Член 25

(1) Покрај критериумите од предходниот член,кандидатот за раководна функција треба да поседува и способност за вршење на задачи од раководен карактер.

(2) Доколку кандидатот предходно вршел раководна функција, при повторен избор може да се има во предвид и мислењето на непосредно повисокиот јавен обвинител за неговите раководни способности.

Одлука за избор

Член 26

(1) За избор на јавни обвинители Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од вкупниот број на членови на Советот.
(2) За јавен обвинител е избран кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

Член 27

(1) Претседателот на Советот во рок од 60 дена пред истекот на мандатот на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува согласно чл 14 ст 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.
(2) По завршување на огласот за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ,објавен согласно чл.66 ст.3 од Законот за Јавното обвинителство, Советот на јавните обвинители изготвува листа од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во чл 62 од Законот за Јавното обвинителство .
(3) Од денот на распишување оглас до денот на гласање мора да поминат 30 дена,
(4) Советот на јавните обвинители формира Комисија од редот на јавните обвинители за спроведување на гласањето за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.
(5) Изборот на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ,се врши со соодветна примена на одредбите од чл 21 до чл 31 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.
(6) Советот во рок од 8 дена од денот на гласање го именува за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,кандидатот кој добил најмногу гласови.

Рапределување по истекот на мандатот

Член 28

(1) Јавниот обвинител на Република Северна Македонија кој нема да биде повторно именуван продолжува да ја врши функцијата на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
(2) Вишиот јавен обвинител на вишо јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран продолжува да ја врши функцијата на јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство.
(3) Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој нема да биде повторно избран, Советот на јавни обвинители на Република

Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(4) Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал кој нема да биде повторно избран, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое бил избран.

(5) Основниот јавен обвинител на основно јавно обвинителство кој нема да биде повторно избран, Советот на јавни обвинители го распоредува за јавен обвинител во јавното обвинителство од кое е избран.

Свечена изјава

Член 29

Јавниот обвинител пред стапувањето на функцијата јавен обвинител дава свечена изјава, согласно член 69 од Законот за јавното обвинителство.

Повторно огласување на избор

Член 30

Ако од пријавените кандидати за јавен обвинител ниту еден не ги исполнува пропишаните услови или не е избран, постапката за избор се повторува.

Разрешување на јавен обвинител

Член 31

Советот донесува одлука за разрешување на јавен обвинител, ако за истото било одлучено во дисциплинска постапка согласно со членовите 93-95 од Законот за јавното обвинителство за дисциплински повреди регулирани во членовите 89-91 од Законот за јавното обвинителство.

Постапка за жалба по дисциплински прашања

Член 32

(1) Ако комисијата изрече дисциплинска мерка (членот 93 став (2) од Законот за јавното обвинителство), Советот одлучува по жалба на одлуката на комисијата и по поднесена жалба против предлогот за разрешување или по истекот на рокот кога жалба не е поднесена, и истиот може да ја укине, преиначи или потврди одлуката на комисијата или да го прифати или одбие предлогот за разрешување..

(2) По приемот на жалбата на Седница на Советот, по предлог од Претседателот на Советот се формира комисија од 3 члена ,составена од членовите на Советот на јавните обвинители, која во рок од 30 дена од приемот на жалбата, ќе постапува по жалбата , ќе прибира податоци во врска со жалбените наводи, ќе врши увид во предметот и ќе врши други работи поврзани со предметот со цел утврдување на фактичката состојба ,при што по разгледување на жалбата на Седница, на Советот ќе му даде свое Мислење во писмена форма.

(3) Член на Советот кој не е избран за член на комисијата, има право непосредно и лично да врши увид во предметот по предходно дадена согласност од страна на Претседателот на Советот на јавни обвинители во рок не подолг од 8 дена од дадената согласност.
(4) Советот ја донесува одлуката за разрешување на јавен обвинител во постапка пропишана со закон.
(5) Советот ја донесува одлуката за разрешување на јавен обвинителсо мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
(6) Одлуката за разрешување на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот.
(7) Одлуката за разрешување на јавен обвинител се доставува до јавниот обвинител и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија
(8) Против одлуката на Советот со која е изречена мерка разрешување одфункцијата, јавниот обвинител има право да поведе спор пред надлежен суд.

Жалба кај времено упатување

Член 33

1.Ако Јавниот обвинител на Република Северна Македонија упати јавен обвинител во друго јавно обвинителство, согласно со Член 26 ст.2 Закон за Јавното обвинителство, упатениот јавен обвинител има право на жалба во рок од 8 дема од приемот на решението.
2.По приемот на жалбата, Советот одлучува на правата наредна седница, но не подолго од 30 дена од приемот.
3.Жалбата го одлага извршувањето на решението.

Распоредување во случај на реорганизирање

Член 34

(1) Во случај на укинување или реорганизирање на јавно обвинителство, Советот ќе го распореди јавниот обвинител од тоа јавно обвинителство во друго јавно обвинителство од ист или понизок степен.
(2) Советот пред да донесе одлука го сослушува јавниот обвинител. Советот, колку што е можно, ги зема предвид личните и семејните прилики и животната состојба.

## VII. Оддалечување и престанок на функцијата

Времено оддалечување од вршење функција јавен обвинител

Член 35

(1) Советот на јавните обвинители одлучува по жалба против одлуката за оддалечување од вршење на јавнообвинителската функција на јавен обвинител и постапува согласно чл 81 ст 4 и 5 од Законот за јавно обвинителство.

Престанок на функцијата

Член 36

Советот носи решение за престанок на функцијата јавен обвинител доколку се исполнети условите предвидени од чл 43 до чл 49 од Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

## VIII. Постапка по претставки и поплаки

Член 37

(1) Претставките и поплаките се поднесуваат во архивата на Советот.

(2) Доколку по направените проверки на наводите во преставката, членот на Советот оцени дека истите се основани, за тоа ќе го извести Советот, кој преставката ја разгледува на седница.

(3) Доколку со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови Советот оцени дека има основи на сомневање дека е сторена дисциплинска повреда или јавниот обвинител нестручно и несовесно ја вршел функцијата, преставката заедно со сите списи и констатации ќе ја достави на понатамошно надлежно постапување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

(4) Доколку по направените проверки на наводите на преставката, членот на Советот констатира дека истите се неосновани, според негова оценка за тоа ќе го извести подносителот на преставката и јавниот обвинител.

## IX. Оценување на јавните обвинители

Приговор против оценувањето

Член 38

(1) Доколку јавниот обвинител е незадоволен од оценката што ја добил и поднел писмен приговор, согласно член 52 и член 53 од Законот за Јавното обвинителство, Советот формира работна група за повторно оценување, за да го разгледа приговорот. Работната група проверува дали приговорот бил доставен до Советот во рок од осум дена од приемот на одлуката. Членовите на работната група за повторно оценување и Советот може да извршат увид во работата на јавниот обвинител кој го поднел приговорот.

(2) Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на приговорот е должен да донесе образложена одлука по истиот.

(3) Доколку Советот оцени дека приговорот е основан, со образложената одлука ќе се наведе истото и ќе го задолжи јавниот обвинител што ја спровел постапката за оценување, да спроведе повторно оценување при што ќе му даде конкретни упатства по кои мора да постапи.

Конкретните упатства треба да го наведат секој критериум за оценување и соодветното оценување според приговорот. Доколку не се смета за основан, Советот ќе го одбие приговорот со образложена одлука.

(4) На повторно дадената оценка, незадоволниот јавен обвинител има право на нов приговор против повторното оценување или одлуката за одбивање на приговорот, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за повторно дадената оценка или одлуката за одбивање на приговорот. Приговорот на кој ќе го поднесе незадоволниот јавен обвинител треба да биде образложен.

(5) По вториот приговор Советот донесува образложена одлука со која го оценува јавниот обвинител, во рок од 30 дена од приемот на приговорот.

(6) Одлуката на Советот е конечна и ќе биде вклучена во образецот за оценување.

(7) Одлуката по изјавениот приговор не може да биде понеповолна од првично дадената оценка.

## X. Службена легитимација

Член 39

Формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на нејзино издавање и одземање се пропишани во посебен правилник.

## XI. Средства за работа

Член 40

(1 )Средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на РСМ преку буџетски корисник Совет на јавни обвинители.

(2) Платите, примањата-додотоците на плата и надоместоците во Советот на јавните обвинители не можат да бидат пониски од платите, примањата-додотоците на плата и надоместоците во Судски совет

## XII. Извештај за работа

Член 41

(1) Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија со целосна транспартентност.
(2) Извештајот содржи податоци за бројот на избраните и разрешените јавни обвинители, бројот на поведени и завршени дисциплински постапки, кадровските состојби во јавното обвинителство, материјално-финансиската состојба во јавното обвинителство, податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и правни лица,активности на Советот за зголемување и одржување на довербата на јавноста во работата на Советот и во обвинителскиот систем и други податоци од делокругот наработата на Советот.
(3) Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на седница го усвојува извештајот за својата работа.
(4) По усвојувањето на извештајот, примерок се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и се објавува на веб-страницата на Советот.

## XIII. Стручна служба

Стручна служба

Член 42

(1) Советот има Стручна служба.
(2) Со Стручната служба раководи секретар.
(3) Советот донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места. Стручната служба мора да има доволно квалификуван кадар одговорен за информатичка технологија и за содржината и функционирањето на веб-страницата на Советот, вклучувајќи и навремено објавување на решенијата. Стручната служба мора да има квалификуван персонал за стратешко планирање и буџетско планирање.
(4) При вработувањето во Стручната служба на Советот се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.
(5) Кандидатот за секретар покрај општите услови за засновање на работен однос во јавното обвинителство, треба да има и најмалку четири години работен стаж по полагањето на правосудниот испит.

## XIV. Донесување и изменување

Усвојување на Деловникот за работа

Член 43

(1) Деловникот за работа, Советот го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
(2) Дополнувањето и изменувањето на деловникот се врши на начин и постапка што важат за негово донесување.

## XV. Завршни одредби

Објавување и стапување на сила

Член 44

(1) Овој Деловник и неговите измени се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" и влегува во сила на истиот ден.
(2) Со денот на започнување на примената на овој Деловник за работа, Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители од 22.08.2008 („Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/10) престанува да важи.

Бр.01-124/1
Скопје,15.10.2020 година

Совет на јавните обвинители на
Република Северна Македонија
Претседател
Ацо Колевски